# Р Е Ф Е Р А Т

Со писмо (одлука) број 03-161 од 10.03.2011 известени сме дека Наставно-научниот уметнички совет на факултетот за Филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк на седницата одржана на ден 07.03.2011 донесе одлука со која не избра за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник по група стручно уметнички предмети од областа на Филмската и телевизиската техника и технологија во наставно научно звање Редовен професор на Факултетот за филмски уметности.
На конкурсот за избор на наставник во во наставно научно звање Редовен професор на Факултетот за Филмски уметности од областа на Филмската и телевизиската техника и технологија при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк, објавен на 19-20.02.2011 во весникот *Утрински весник,* се пријави и поднесе документација еден кандидат: Вон. проф. Јордан Пановски. Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав Ред. проф. Мартин Панчевски, Ред. Проф. Владимир Георгиевски и Ред. Проф. Јордан Плевнеш, врз основа на увидот во документите и објавените научно-истражувачки и уметнички трудови, има чест на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за Филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк да му го поднесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

**Јордан Пановски** е роден во 1945 година во Тетово, Република Македонија. По завршување на средното образование се запишал на Технолошкиот факултет во Скопје, каде што дипломирал во 1971 година и се здобил со диплома за инженер-технолог.

Од 1971 година се вработил во Македонската телевизија и таму работи се до 1992 година кога е избран за доцент по предметот Филмска техника и технологија на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Во 2004 година е реизбран за вонреден професор.

Од последниот реизбор извршува повеќе преводи од странска литература со цел да подготви два современи учебника наменети за студентите од одделот за Филмска и ТВ камера, одделот за Филмска и ТВ монтажа, одделот за Филмска режија и одделот Продукција при ФДУ и тоа: “Технологија на филмската слика” и “Технологии во производството на филмот”. Насловите на учебниците се работни, а еден од нив веќе се користи како скрипта со наслов „Технологија на филмот и филмската слика“, надополнета со современите дигитални технологии.

Објавува повеќе текстови од областа на обработката на филмот од кои позначајни се „24-пи нова ера во телевизијата и филмот“, “Пропорции на филмската слика”, “Дигитално кино”, “Зошто супер 16мм. формат”.

Наставната програма што ја спроведува инг.Јордан Пановски се одли-кува со обилно користење на големиот фонд на знаење во областа на филмската техника и технологија и технологијата на филмската слика, во светски размери. При ова освен презентирање на она што претставува досегашно достигнување во производството на филмот и создавањето на филмската слика, наставната практика постојано е збогатувана со димензијата на најновите светски дости-гнувања во новите технологии и нивниот рефлекс во филмската практика.

Досегашната педагошка работа на вон.проф.Јордан Пановски во ЕСРА се одликува со успешен спој на општите теоретски знаења од областа на филмот и филмската техника и технологија, неговото претходно практично искуство, како и искуството во наставната работа на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Врз основа на досегашните докажани лични, стручни и педагошки квалитети во досегашната работа, му предлагаме на Наставно-научниот и уметнички совет при Универзитетот за аудио визуелни уметности Европска филмска академија (ЕСРА) – Париз, Скопје, Њујорк да го избере инжeнер Јордан Пановски во звање **Редовен професор** по предметите: Филмска техника и технологија и Технологија на филмската слика.

**28.03.2011.**
**С к о п ј е**

**Ред. проф. Мартин Панчевски,**

**Ред. Проф. Владимир Георгиевски и**

**Ред. Проф. Јордан Плевнеш**